ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

# ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР
# ИНФО ДЕЛЧЕВО

БРОЈ 4 МАЈ 2020

**ТОП ВЕСТИ:**

- **Започна реконструкцијата на дел од „Маршал Тито“, „Вера Јоциќ“ и изградба на улица во населба СРЦ**
- **Изградба на атмосферска канализација во населба Милково Брдо 2**
- **Избираме најубаво уреден двор**
- **Совет: Парични награди за најдобрите 10 матуранти**

## Започна реализацијата на проектот „Подобрување на јавните општински услуги во Делчево“



**Започна реализацијата на проектот „Подобрување на јавните општински услуги во Делчево“ со кој ќе се реконструираат улиците „Маршал Тито“ и „Вера Јоциќ“ во должина од 1,3 км и ќе се изгради нова улица во населбата СРЦ во должина од 290 м.**



**Изградба на атмосферска канализација во населба Милково Брдо 2**



**Избираме најубаво уреден двор**



**Совет: Парични награди за најдобрите 10 матуранти**

Совет на Општина Делчево

# Парични награди, наместо екскурзија низ Европа за најдобрите 10 делчевски матуранти

Десетте најдобри матуранти од делчевската гимназија, наместо традиционалната и планирана екскурзија низ Европа која е одложена поради актуелната состојба, ќе добијат парични награди од Буџетот на Општина Делчево за поддршка на млади таленти.

Оваа Одлука на предлог на градоначалникот Горан Трајковски денеска ја донесоа делчевските советници. Согласно со Одлуката, 10-те најдобри матуранти од СОУ „М.М.Брицо“-Делчево, ќе добијат парична награда во износ од 20.000 денари.

Претходно беше донесена Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Делчево за 2020. Согласно со Уредбата на Владата, пренамената е во износ од 70%, односно 252.000 денари, кои ќе бидат доделени во форма на поддршка на млади таленти на десетте најдобри матуранти од СОУ „М.М.Брицо“

На 40 Седница на Советот, советниците за приоритетен инвестициски проект го утврдија потпроектот „Одделување на фекалната од атмосферската канализација на Милково брдо, Делчево. Финансиската рамка на потпроектот е определена согласно со предвидената инвестициска вредност и изнесува 10.938.490,00 денари и ДДВ 1.968.928,00 денари, изразена вкупно 12.907.418,00 денари.

Меѓу другите одлуки, советниците ја усвоија и Програмата за работа на Одделението за превенција, заштита и спасување, Одлуката за времено финансирање на Здружението за рурален развој ЛАГ „Малеш-Пијанец“ од Општина Делчево како сосновач, како и одлуката за плаќање на членарина на Општина Делчево како сосновач на Здружение за рурален развој ЛАГ „Малеш-Пијанец“ за 2020 година;

Исто така, беше донесена и Одлуката за усвојување и Листата на информации од јавен карактер на Општина Делчево, а советниците донесоа повеќе одлуки за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација за бесправно изградени објекти надвор од планскиот опфат.



# Одбрани најдобрите 10 матуранти. Првенец на генерацијата Верица Ѓеоргиева



Верица Ѓеоргиева е прогласена за првенец на генерацијата 2016-2020 година во делчевската гимназија „М.М.Брицо“. Ова е одлуката на Комисијата составена од професори од училиштето која ценејќи ги постигнатите резултати и успех во досегашното образование, ги одбра најдобрите 10 матуранти кои ќе добијат парична награда за постигнаиот успех од Општина Делчево.

За најдобри матуранти во СОУ „М.М.Брицо“ се одбрани:

1.Верица Ѓеоргиева
2.Евгенија Пандова
3.Михаела Маневска
4.Ангела Ефтимовска
5.Даниела Таковска
6.Ангела Васева
7.Моника Јовевска
8.Мирче Ѓеорѓиевски
9.Анастасија Димитровска
10.Леонид Петровски

## Честитка од градоначалникот Трајковски за делчевските матуранти

Традиционално во месецот мај  Делчево живее со матурантите и нивната традиционална матурска вечер. Годинав, поради актуелната состојба, матурските прослави се одложени, но по повод заокружувањето на средното образование, градоначалникот Трајковски испрати честитка до новата генерација матуранти од делчевската гимназија истакнувајќи дека матурантите се наша гордост и наша иднина.

-Овој ден и овој месец вообичаено протекува во вашиот знакот, во знакот на младоста и убавината. Вие сте нашата гордост и нашата иднина. Жалам што вашата генерација поради  вонредната состојба и здравствената криза нема да продефилира со целиот свој сјај низ градот и нема да се одржи традиционалната матурска вечер, но верувајте, ќе имате многу прилики за радост и прослава на успесите. Ви посакувам да чекорите гордо и достоинствено во животот. Вие ја имате моќта да го менувате светот, но и да не заборавите дека овој наш град ги остава отворени вратите за вас, по вашето студирање, патување или прошетките низ европските држави, запаметете дека ние сакаме да ве гледам дома, овде да ја градите вашата иднина, овде да формирате семејства, истакна Трајковски.

Во СОУ „М.М.Брицо“ школската година ја завршуваат 63 матуранти.

Актуелности

# Започна реконструкцијата на дел од улицата „Маршал Тито“ во Делчево



Со поставување потпорни ѕидови на пропустите започна реконструкцијата на 743 метри од улицата „Маршал Тито“ во Делчево која е главен сообраќаен крвоток во градот, односно од потегот од касарната до Таушанското Маало. Со оваа реконструкција се решава уште една критична точка на главната и најдолгата сообраќајница во Делчево која го поврзува центарот на градот со населбата Таушанско Маало, односно Стрелиште. Граоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски направи увид во градежните работи и на условите во кои се одвива сообраќајот со примена на вонреден сообраќаен режим. Тој изрази задоволство од почетокот на реализацијата на големиот инфраструктурен проект во Делчево кој е по многу нешта значаен за граѓаните на Делчево

-Преку проектната единица на Министерство за финансии и проектот за подобрување на општинските услуги МСИП финансиран преку Светска Банка, Општина Делчево доби средства за под-заем од 32.252.287 денари за реализација на проектот „Подобрување на јавните општински услуги во Општина Делчево” што подразбира, реконструкцијата на улица „Маршал Тито“со должина од 743 метри, реконструкција на улицата „Вера Јоциќ“ со должина од 599 метри, и изградба на комплетно нова улица во населбата СРЦ улицата бр. 7, со што преку овој проект ќе се реконструираат 1.3 километри локални улици, а ќе биде изградена комплетно нова улица во должина од 290 метри. Целта на овој проект е подобрување на квалитетот на животот на локалното население од овие улици, но воедно и на сите жители на општина Делчево, рече Трајковски.

Реконструкцијата на овој дел од „Маршал Тито“ е продолжување на реконструкцијата на истата улица која води низ центарот на градот, реконструирана изминатата година, исто така, реконструирана преку проектната едниница на Министерство за финансии и МСИП проектот за подобрување на општинските услуги финансиран преку Светска Банка, така што сега ќе се добие една завршна целина и современа сообраќајница каква што заслужуваат граѓаните на Делчево.

Градежните работи за изградба на овие три улици ќе завршат до март 2021 г., а изведувач на работите е фирмата АД „Илинден“ од Струга.

# Се гради атмосферска канализација на улицата 7 во населбата СРЦ

Актуелности



Екипи на ЈКП „Брегалница“ деновиве интензивно работат на изградба на атмосферската канализација на улицата 7 во населбата СРЦ во Делчево. Предвидена е изградба на канализација во должина од околу 250 метри, а инсталацијата ќе биде приклучена во коритото на река Брегалница. Досега се изградени околу 120 метри, а се поставуваат цевки од фи 315. Инвестицијата е на Општина Делчево.

Градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, заедно со директорот на ЈКП „Брегалница“, Стојче Стојковски, денеска направија увид на работите. Трајковски истакна дека по завршување на изградбата на атмосферската канализација, ќе се пристапи кон изградба на улицата во должина од 290 метри која сега е со земјен коловоз.

-Жителите од оваа населба долги години бараа решавање на патната инфраструктура и еве денеска со задоволство можам да истакнам дека ги реализираме проектите кои ќе донесат подобрување на квалитетот на животот на граѓаните. По завршување на работите околу изградбата на атмосферската канализација, ќе се пристапи кон изградба на улицата 7 во СРЦ која ќе добие комплетно нов лик на асфалтирана улица со тротоар и комплетен систем за атмосферски води, истакна Трајковски.

Тој додаде дека изградбата на оваа улица е во рамките на големиот инфраструктурен проект „Подобрување на јавните општински услуги во Општина Делчево“ кој се реализира преку проектната единица на Министерство за финансии и проектот за подобрување на општинските услуги МСИП финансиран преку Светска Банка.

Актуелности

# Се решава проблемот со атмосферските води во населбата Милково брдо 2





Започна градежните работи за одделување на фекалната од атмосферската канализација во населбата Милково брдо- 2 во Делчево со што ќе се реши долгогодишниот проблем со атмосферската вода која при обилни дождови предизвикува поплавување на повеќе објекти и имоти на граѓаните во овој дел од населбата.

Станува збор за изградба на атмосферска канализација во должина од околу 1,900 метри во населбата и опфаќа изградба на повеќе краци и тоа на дел од ул „Вера Јоциќ", дел од ул. „Македонска", дел од ул „Гоце Делчев" и ул „Благој Стојменов".

Согласно со проектот ќе се поставуваат коригирани полиетиленски цевки од фи-250 до фи-500 мм, а проектираната атмосферска канализација треба да прифати дел од атмосферската вода од населбата Милково Брдо која ќе се одведе до веќе изведениот колектор на ул. „Светозар Марковиќ" со испуст во река Брегалница.

Финансиската рамка на проектот е 12.907.418 денари со пресметан ДДВ, а средствата се обезбедени преку Договор за грант склучен меѓу Министерството за транспорт и врски со Општина Делчево како краен корисник, а согласно со Договорот за финансирање на Република Македонија и Европска инвестициска банка за Проект: „Водоснабдување и одведување отпадни води". Изведувач на работите е фирмата „Жикол".

# Реконструкција на спортската сала во ООУ „Ванчо Прке“

Актуелности



Во ООУ„Ванчо Прке“ во тек е реконструкција на спортската сала, со што првата спортска сала во Делчево ќе добие современ лик, а следствено на тоа, спортските работници и учениците ќе имат одлични услови за работа.

Согласно со проектот се заменуваат салонитните азбесни ќерамиди со нов пластифициран антикондензирачки ребраст лим. Исто така, се изврши и замена на фасадната столарија, каде што старите метални прозори се заменија со термоизолирачки PVC- прозори.

Реконструкцијата подразбира и замена на дотраениот под кој се обложува со висококвалитетен, повеќеслоен, еластичен, спортски PVC- под, а ќе се реконструираат и патеките кај влезовите на објектот и ќе се постави рампа за инвалидизирани лица и, на крајот, ќе се асфалтира теренот за одбојка.

Вкупната инвестиција на проектот е 2. 5 милиони денари, без ддв, средства од буџетот на училиштето. Изведувач на проектот е ДПТУ Панел М, експорт- импорт, Мехаз ДООЕЛ, Тетово. Работните активности треба да завршат според предвидениот рок од 60 дена.

## Мурал со логото на проектот „Водоснабдување на Делчево“

Мурал со логото на големиот проект кој ќе обезбеди чиста вода за пиење во Делчево ја краси фасадата на најстарата станбена зграда во градот. На него на креативен начин се прикажува значењето на проектот, како и државното знаме на донаторот, Швајцарската Конфедерација, државното знаме на Република Северна Македонија, како и грбот на Општина Делчево.




Муралот е дело на уметникот Пепи Атанасов, со кое продолжува разубавувањето на фасадите во централното градско подрачје.

Муралот е изработен во рамките на проектот „Водоснабдување на Делчево”, проект вреден 7,3 милиони швајцарски франци, од кои шест милиони се донација од Швајцарската конфедерација, додека приближно 1,3 милиони швајцарски франци се од Владата преку Министерството за животна средина и просторно планирање и Општина Делчево.

Актуелности

# Уредете ги дворовите-се избира најубаво уреден двор



Во рамките на кампањата „Заедно до поубаво Делчево" и согласно со Програмата за промоција и комуникација со јавноста, Општина Делчево и оваа година ќе избира најубаво уреден двор. Водејќи се од мотото дека секој индивидуалец или институција и фирма кои со својот труд и креација за уредување на дворните површини придонесуваат за поубаво Делчево, Општина Делчево објавува Конкурс за избор на најубаво уреден двор во Делчево.

Целта на оваа акција е сите заедно да придонесеме за поубаво Делчево, но и како Општина сакаме да ги наградиме граѓаните и фирмите за својата улога во разубавувањето на градот, а од друга страна и да ги мотивираме сите граѓани на Делчево да дадат свој придонес за негово разубавување.

На Јавниот конкурс кој е објавен на 18 мај (понеделник) на веб-страницата на Општина Делчево и на локалните медиуми, ќе можат да се пријават сите граѓани кои ценат дека нивното дворно уредување заслужува внимание, но и сите граѓани кои се воодушевуваат на дворот на пријател или сосед, да го пријават за да учествува на изборот за најубаво уреден двор во Делчево. Конкурсот ќе биде отворен до 30 јуни, период кој сметаме дека е доволен за заинтересираните граѓани да ги направат потребните подготовки и да ги уредат дворовите.

Пријавата може да се достави до Архивата на Општина Делчево, или да се симне од веб-страницата delcevo.gov.mk и електронски да се се испрати на е-маил info@delcevo.gov.mk.

Комисијата формирана од стручни лица ќе ги посети пријавените дворови и ќе го оценува уредувањето на дворните површини.

За сопствениците за најдобро уредени дворови, Општина Делчево има обезбедено две награди во категориите:

1. Индивидуално домување,
2. Колективно домување и правни лица.

# Околу 10.000 пролетни цвеќиња се засадуваат во парковите во Делчево

Актуелности




Околу 10.000 пролетни цвеќиња деновиве се засадуваат на парковските површини во Делчево. Пролетни цвеќиња од видот на петунии, бегонии, сардела, агератум, тагетис и сл., се засадуваат на новата парковска површина кај Жито маркетот, потоа кај споменикот на паднатите борци, кај Комерцијална банка, кај паркот Езерце, паркот во Ново Делчево, паркот АСНОМ, Стопанска банка и боксовите по должината на улицата кај трговскиот центар „Пела“. Парковските површини ќе добијат нови цвеќарници, саксии и цветни аранжмани.

Годинава за пролетно разубавување на градот се набавени околу 5000 цвеќиња се набавени од Општина Делчево и ЈКП „Брегалница“ , додека останатите се произведени од сопствениот расадник на претпријатието.

## Делчево го одбележа Денот на Европа

Со пригодна свеченост, денеска Делчево одбележа 75 години од победата над фашизмот и 70 години од Денот на Европа.

По тој повод, пред споменикот на паднатите борци во центарот на градот, членовите на КУД „Гоце Делчев“ одржаа пригоден реферат за НОБ во Македонија и победата над фашизмот, како и реферат за 9 Мај, датум кога Европа го одбележува својот ден како европски симбол.

Во рамките на одбележувањето, пред споменикот на паднатите борци се поклонија и свежо цвеќе положија делегација од Општина Делчево делегација од Советот на Општина Делчево предводена од претседателот на Советот, Драган Маневски, претставници од институции, политички партии и здруженија на граѓани.

Пијанец во Втората светска војна во борбата против фашизмот дало стотина жртви. Во нивна чест во центарот на Делчево е подигнат монументален споменик на кој се испишани нивните имиња, како и пораката „Сонцељубиви, зар без вас ќе бевме она што сме, не смрт без слобода, не без Македонија“.



Актуелности

# Откажани културните настани по повод Св. Кирил и Методиј




Поради актуелната состојба, сите планирани културни настани по повод празникот посветен на сесловенските просветители солунските браќа Кирил и Методиј, кои се светители заштитници на градот, се откажани.

По тој повод, градоначалникот Горан Трајковски истакна дека откажувањето на планираните настани планирани во Програмата за култура за 2020 година, е поврзано со актуелната пандемија, но, Делчево секогаш го слави 24 Мај со посебен пиетет.

- На предлог на Неговото преосвештенство, митрополитот Брегалнички, Иларион, Делчево ги добива словенските браќа светите Кирил и Методиј за свои светители. Тој воден од идејата за поврзаноста на Делчево како град низ кој тече Брегалница и со Брегалничката мисија, со описите на амбиентот во Панонските легенди и со фактот дека во Источниот регион, каде се врзува делото на Кирил и Методиј, Делчево немаше свои светители заштитници, го даде предлогот овој светол ден, Денот на светите браќа, Кирил и Методиј да бидат патрон на градот со тоа овекувајќи нè и вечно нераскинливо врзувајќи нè за името на сесловенските просветители. Со тоа Делчево доби светители заштитници кои, верувам, ја даваат душата на сето она што го работиме. Позитивната енергија и добрата мисла да ги следат жителите на овој град и повторно и несомнено длабоко да се вткајува исконското, истакна Трајковски.

Инаку, во Делчево интензивно се гради кровната конструкција на новиот соборен храм посветен на светителите на градот кој со својата габаритност и архитектонско решение, ќе биде црква единствена во регионот. Средствата за изградба на фасадата на црквата која заврши минатата година, како и кровот на црквата, се донација од пријателот на Делчево, д-р Милен Врабевски и Фондацијата „Бугарско сеќавање“, а дел се средства собрани од донатори од Делчево.

# Одбележана 117-годишинината од убиството на Делчев

Актуелности




Со пригодна свеченост организирана од Општина Делчево и во услови на вонредна состојба, а по повод 117-годишнината од смртта на Делчев, Делчево го одбележа датумот на убиството на патронот на градот кој на денешен ден во 1903 беше убиен од турската војска во селото Баница.

По тој повод, пред споменикот на револуционерот во центарот на градот се поклонија и свежо цвеќе положија делегација од Општина Делчево предводена од градоначалникот Горан Трајковски, делегација од Советот на Општина Делчево, предводена од претседателот на Советот, Драган Маневски, како и претставници на политички партии, институции и здруженија на граѓаните. Во рамките на одбележувањето, членовите на КУД „Гоце Делчев“ прочитаа реферат за животот и делото на Делчев.

Градоначалникот Горан Трајковки истакна дека Делчево со гордост го носи името на македонскиот револуционер, а оваа година се одбележуваат јубилејни 70 години од именувањето на тогашно Царвео Село по великанот Делчев.

– Како следбеници на ликот и делото на Делчев ги промовираме неговите заложби и работиме да го изградиме нашиот град достоен носител на неговото име. Во овие вонредни околности, сите планирани културни настани со кои сакавме да ја покажеме честа на делчевци кон својот патрон, се одложени, но како градоначалник испраќам порака дека Делчево, поминувало низ многу премрежја, но од секоја битка излегувал посилен и бил победник. Верувам дека и денеска, со истрајност и одговорност кон личното здравје, кон здравјето на своето семејство и на секој сограѓанин, повторно заедно ќе прославуваме победа и ќе го продолжиме развојот на нашиот убав град покрај Брегалница, рече Трајковски.

Актуелности

# Делчево и Разловци одбележаа 144 години од Разловечкото востание

Делчево и селото Разловци одбележаа 144 години од Разловечкото востание, прво вооружено востание со кое отпочнува бурниот Предилинденски период за слободна и самостојна држава.

Настанот, традиционално, беше организиран во дворот на црквата „Св. цар Константин и царица Елена“ во селото Разловци, но со почитување на мерките и препораките за заштита од ковид 19.

Програмата започна со пригоден реферат посветен на историските моменти и значењето на Востанието подготвен од членовите на КУД „Гоце Делчев“, додека делегација од Општина Делчево, предводена од градоначалникот Горан Трајковски, претставници од Советот на Општина Делчево, политички партии, здруженија на граѓани, положија свежо цвеќе и се поклонија на спомен-обележјето на поп Стојан, еден од организаторите на Востанието, а поставено на влезот на црквата „Св.цар Константин и царица Елена“ во селото Разловци.

Градоначалникот Трајковски по повод годишнината од Востанието истакна дека Разловечкото востание и покрај неговото брзо пропаѓање, е од особено значење за историјата на македонскиот народ. Тој потсети дека востаничкото Разловци се наоѓа високо на агендата што значи решавање на низа отворени прашања кои со децении не се решавани.

-Сакам да потсетам дека изградивме улица во должина од 150 метри со која се реши голем проблем за жителите кои живеат на овој дел од селото, што е за прв пат по многу години овде да има реализација на таков инфраструктурен проект, а планираме изградба на уште една улица во ова село. Со цел да го решиме проблемот со дивите депонии, за прв пат од постоењето на селото – обезбедивме контејнери за отпад и се организира редовно собирање на отпадот. Решивме децениски проблем со водата за пиење во селото. Во соработка со ЈКП „Брегалница“' изградивме нова дренажа со која се зафатија водите од река Ракитина во Разловци, санирана е и собирната шахта, а е извршено и чистење и хипохлорирање на резервоарот. Исто така, очекувам оваа година, да се стави кровот на Спомен-домот Разловечко востание, за што Министерството за култура издвои 500.000 денари. Како што ветив на разловчани, изградбата на стариот пат Делчево-Працотивиште со која Разловци добива уште една коминикација со Делчево, е реалност. Обезбедени се средства се очекува Министерството за тарнспорт и врски да го распише тендерот за изградба. Сакам да потенцирам дека сме максимално вложени во подобрување на условите за квалитет на животот и немаме двојба кога е во прашање патот по кој ќе се движеме, истакна Трајковски.

Поради вонредната состојба е одложена традиционалната културно-уметничка програма, планинарскиот марш и ликовната колонија.





# Одбележан Денот на пожарникарите: Миле Тодоровски најдобар пожарникар во Делчево

Актуелности




Миле Тодоровски, пожарникар со над 30 години работен стаж во ТППЕ Делчево е прогласен за најдобар пожарникар во Делчево. Наградата традиционално ја доделува Општина Делчево по повод Денот на пожарникарите, 20 Мај.

Градоначалникот Трајковски честитајќи им го Денот на пожарникарите, изрази задоволство од професионалноста, нивната експедитивност, ефикасност и пожртвуваност, а пред сѐ, за нивната одговорност во спроведување на мерките за превенција од болеста ковид 19 на територијата на Делчево.

-Овој ден кој е посветен на пожарникарите од нашата држава е одличен повод, јавно да се заблагодарам за професионализмот и одговорноста на делчевските пожарникари. Секогаш први во заштитата на граѓаните и нивниот имот и во овој кризен период, покажаа дека се на висината на својата задача. Нивната улога во дезинфекција на улиците, јавните површини и објекти е клучна во спречување на појавата на ковид 19 во Делчево, рече Трајковски.

Пожарникарот Тодоровски изрази благодарност за доделеното признание и истакна дека патричната награда ќе ја донира во хумани цели за борба против коронавирусот.

## Општина Делчево

Ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1
2320 Делчево
Телефон: +389411550
E-mail: info@delcevo.gov.mk
web: delcevo.gov.mk

**Издава: Општина Делчево**

**Уредник: Даниела Такева**

**Техничка обработка: Влатко Мицевски**

**Фотографија: Општина Делчево**

**Лектор: Снежана Трајкова и Даниела Такева**

**Инфо Делчево на web:**
**delcevo.gov.mk**